- *материјали, заварување и конструктивно инженерство*
- *термичко инженерство*
- *автоматика и флуидно инженерство*
- *индустриско инженерство и менаџмент*
- *енергетика и екологија*
- *мехатроника*

- двегодишни студии
- *индустриски дизајн и маркетинг*

**Член 2**

Универзитетскиот сенат ги упатува проектите од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација, односно реакредитација. Проектите во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставуваат од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во Универзитетски гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, по предлог на Наставно - научниот совет на Стоматолошки факултет, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 20. седница одржана на 22 мај 2014 година, донесе

## ОДЛУКА
### за усвојување на проектот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии научно подрачје медицински науки и здравство, поле стоматологија

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува проектот за повторна акредитација на студиската програма од трет циклус – докторски студии научно подрачје медицински науки и здравство, **поле стоматологија**, *предлагач и организатор: Стоматолошки факултет.*

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на натамошна постапка за акредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во Универзитетски гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на член 155 од Законот за високото овразование (Службен весник на Република Македонија бр.. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 і 24/2013), член 325 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет, на седницата одржана на 29.5.2014 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за измени и дополнувања на Одлуката за дисциплинска одговорност на студентите на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје

**Член 1**

Во член 8 се менува точка 5, и таа гласи:

„5. плагијаторство во форма на поднесување туѓ семинарски труд, академски есеј, дипломски труд, магистерски труд или докторска дисертација во свое име".

**Член 2**

Во член 8 се додава нова точка 12, која гласи:

„12. повторени лесни дисциплински повреди".

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува почнувајќи од генерацијата студенти запишани во учебната 2013/14 година, на првиот, вториот и третиот циклус студии според ЕКТС на Факултетот.

**Декан**
**Проф. д-р Борче Давитковски, с.р.**